# ПРАВИЛНИК ЗА НАГРАДЕН КВИЗ

**Член 1**
**ПРИРЕДУВАЧ, ТРАЕЊЕ И ЦЕЛ**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје - Виена Иншуренс Груп ул.,,11 Октомври" бр. 25 со матичен број: 4067037, даночен број: 4030974258740, во натамошен (Организатор), во времетраење од 22.3.2024 до 1.5.2024 организира награден квиз за корисниците на веб страната на Организаторот, а со овој Правилник ќе се регулира начинот на учество во квизот.

Овој Правилник ќе биде објавен и на интернет страната www.insumak.mk

Со самото учество на овој квиз, учесниците се согласни да ги прифатат наведените правила.

**Член 2**
**МЕСТО НА НАГРАДНИОТ КВИЗ**

Квизот **"Знам што е сигурно"** се организира на интернет страната www.insumak.mk

Квизот е поврзан со темите кои Организаторот ги споделува на социјалните медиуми, како и општи прашања поврзани со осигурување

Квизот ќе биде поставен на интернет страната, а учесниците ќе се логираат со користење на електронска пошта за да не можат да го повторат. Една сесија ќе содржи 15 прашања кои случајно ќе бидат извлечени од вкупно 50 претходно подготвени прашања.

Промоцијата на квизот ќе се одвива преку спонзорирани постови и реклами на Facebook, Instagram и Google. Учесниците ќе се повикуваат и пренасочуваат на веб страната за да го завршат квизот, по завршувањето на квизот стануваат квалификувани за награда.

**Член 3**
**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНИОТ КВИЗ**

Овој квиз е отворен за сите посетители на www.insumak.mk , кои ги оставиле своите точни податоци на прашалникот на страната и одговориле точно на поставеното прашање регулирано во член 2.

Право на учество на овој натпревар немаат вработени кај Организаторот на овој Награден квиз, како и членови на нивните семејства (сопруг/сопруга, родител, брат, сестра, деца итн.) лица на возраст под 18 години.

**Член 4**
**НАГРАДА**

За награди Организаторот издава ваучери за осигурување со кои може да се купи полиса за осигурување од Организаторот согласно условите за осигурување и тоа на вредност:

- 1 ваучер за осигурување со бруто поединечна вредност од 20.000 МКД
- 1 ваучер за осигурување со бруто поединечна вредност од 10.000 МКД.
- 4 ваучери за осигурување со бруто поединечна вредност од 4000 МКД.

Вкупен фонд за ваучери: 46.000 мкд.
Наградите се искажани во бруто износ. Данокот на личен доход ќе се засметува во моментот на подигање на наградата. Не се плаќа аконтативно туку данок се плаќа по преземање на наградата.

Ваучерите може да се користат за повеќе видови полиси до исцрпување на вредноста на ваучерот. Доколку склучат полиса за осигурување со износ кој го надминува износот на ваучерот

треба да извршат уплата за разликата во премијата за осигурување.

Ваучерите за осигурување може да бидат искористени за полиси за осигурување по потреба на добитниците. Ваучерите за осигурување не важат за полиси од задолжително законски видови.

**Член 6**

**НАЧИН НА УЧЕСТВО И ОДБИРАЊЕ НА ПОБЕДНИК**

Задача на учесникот во квизот е да одговори на прашањата од квизот. Учесниците се должни да ги достават свои лични податоци (име, презиме, електронска пошта, телефонски број ). По претходна согласност, личните податоци на учесниците може да се користат и за маркетинг промотивни пораки од Организаторот. Организаторот ќе постави посебно место преку кое учесникот ќе може да даде соглaнност за обработка на лични податоци за цели на маркетинг промотивни пораки.

Во конкуренција за освојување на Наградата на овој Награден натпревар учествуваат сите пријавени кои ги исполниле условите пропишани со овој Правилник најдоцна до 01.5.2024 до 24 часот.

Со пополнување на прашалникот на www.insumak.mk. на онлајн квиз страната, секој учесник доброволно ги приложува своите лични податоци и дава согласност тие лични податоци да ги обработува Организаторот. Организаторот ќе постави посебно место преку кое учесникот ќе може да даде согласност за обработка на неговите лични податоци за цели на спроведување на квизот. Организаторот ќе ги преземе сите разумно потребни мерки да би се осигурал дека личните податоци на учесникот во квизот ги обработува и ги користи на безбеден начин и во согласност со позитивните прописи кои се однесуваат на обработка на лични податоци.

Наградите ќе бидат распределени според вредност на оние со најголем број поени.
Победник може да биде учесник кој дал најмногу точни одговори на поставените прашања на квизот и ги внел сите потребни податоци.

Победникот на Наградниот квиз ќе биде објавен на веб страната на Организаторот www.insumak.mk на крајот на Наградниот квиз, но не подоцна од 3 дена од завршување на истиот, а извлекувањето на победникот ќе биде објавено и на facebook страната на Македонија осигурување АД Скопје- Виена Иншуренс Груп.

Во случај повеќе учесници да имаат ист број точни погодоци ќе одлучи последното прашање од квизот кое има описен текстуален одговор креативен слоган. Изборот на најуспешен слоган е од страна на комисија на Организаторот составена од членови на Службата за маркетинг и комуникација.

**Член 7**

**ДОСТАВА И ПРЕЗЕМАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Победникот ќе биде известен по електронска пошта на адресата која ја оставил на веб страната на квизот во рок од најмногу 3 календарски дена од денот на избор на победникот и ќе се побара од него да дојде кај Организаторот да си ја активира наградата во рок од најмногу 30 работни дена по примањето на електронската пошта.

Добитникот при превземање/активирање на ваучерот треба да носи документ за идентификација - име, презиме, адреса на живеење. Со чинот потпишување на полиса/и за осигурување до истрошување на ваучерот за осигурување завршуваат понатамошни обврски на организаторот кон добитникот.

Ваучерите може да се користат за повеќе видови полиси до исцрпување на вредноста на ваучерот.
Доколку склучат полиса за осигурување со износ кој го надминува износот на ваучерот треба да извршат уплата за разликата во премијата за осигурување.

Член 8

Добитникот единствено може да ја користи предвидената награда и не може да бара замена во пари.

Член 9

РОКОВИ И ПРИГОВОРИ

Ако добитникот не ја подигне наградата во рок од 30 работни дена по добивањето на известувањето, го губи правото за користење на наградата;
По истекот на рокот од став 1 на овој член застарува правото за подигање на наградата.

Член 10

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

При обработка на личните податоци на учесниците во квизот, Организаторот ќе ги почитува начелата за обработка на лични податоци, ќе ја почитува законитоста на обработката на личните податоци, нема да обработува посебни категории лични податоци, ќе ги почитува правата на субјектите на податоци, ќе примени техничка и и нтегрирана заштита на личните податоци, нема да врши трансфер на лични податоци, односно ќе ги обработува личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти на Агенцијата за заштита на личните податоци.с

Член 11

Виша сила

Во ситуации на виша сила или на непредвидени околности, организаторот го задржува правото за прекинување на наградниот квиз.

Член 13

Со учество во наградниот квиз учесниците ги прифаќаат правилата на организаторот, а во случај на спор надлежен е Граѓанскиот судот во Скопје.